# ПЕДАГОШКИ СТАЖ
# ЗИМСКИ СЕМЕСТАР 2016/2017

**1.** Студентите кои го **обновија статусот студент** и ги продолжија студиите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, како студенти на соодветната четиригодишна студиска програма од прв циклус академски студии можат да го реализираат ПЕДАГОШКИОТ СТАЖ согласно Одлуката бр. 02-1022/13 од 23.12.2013 година.

**2.** Реализирањето на ПЕДАГОШКИОТ СТАЖ студентот може да го изврши до крајот на своето студирање, односно пред одбраната на дипломската работа и тоа во траење од 5 работни дена.
**-** Стажот може да се релизира во градинка или училиште согласно предметната програма, и тоа по избор на студентот.

**3.** По истекот на 5-те работни дена студентот е должен да достави Потврда до Службата за студентски прашања, изготвена од страна на Факултетот, а потпишана од менторите и Директорот на училиштето, односно градинката каде стажот е реализиран. Истата ќе биде составен дел од досието на студентот и доказ за реализираниот педагошки стаж.

---

**4.** Сите заинтересирани редовни, вонредни студенти и студенти запишани по проект 30/35, кои имаат запишано и заверена четврта година во учебната 2015/2016 година, можат да ја подигнат Пријавата за стаж во Медијатека кај Наталија Јошева во периодот од 17.10.2016 година до 25.10.2016 година. Педагошкиот стаж за редовните, вонредните студенти и студентите запишани по проект 30/35 ќе се реализира во траење од 12 работни дена.

Скопје,10.10.2016

Продекан за настава
Проф. д-р Весна Макашевска

# ПЕДАГОШКИ СТАЖ
# ЗИМСКИ СЕМЕСТАР 2016/2017

## РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ СТУДЕНТИ

1. Редовните и вонредните студенти кои го пријавија Педагошкиот стаж во периодот од 17.10.2016 до 25.10.2016 година, истиот ќе треба да го реализираат во временскиот период од 26.10.2016 година до 10.11.2016 година, односно 12 работни дена.
2. Педагошкиот стаж студентите ќе можат да го одржат во училиште или градинка по свој избор, со Потврда која претходно задолжително треба да ја подигнат од Медијатека кај Наталија Јошева во периодот од 17.10.2016 до 25.10.2016 година.
3. За студентите на македонски наставен јазик за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание одговорен професор-ментор кој со потпис во Пријавата, Потврдата и во Индексот ќе го потврди реализирањето на стажот ќе биде проф. д-р Елизабета Ралповска.
4. За студентите на албански наставен јазик за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание одговорен професор-ментор кој со потпис во Пријавата, Потврдата и во Индексот ќе го потврди реализирањето на стажот ќе биде доц. д-р Љуљзим Адеми.
5. За студентите на турски наставен јазик за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитание одговорен професор-ментор кој со потпис во Пријавата, Потврдата и во Индексот ќе го потврди реализирањето на стажот ќе биде проф. д-р Аднан Ќахил.
6. По заверката на Педагошкиот стаж кај одговорниот професор-ментор, студентите потребните документи ги доставуваат во Службата за студентски прашања.

   **НАПОМЕНА: Потребните документи, односно протоколите за реализација на Педагошкиот стаж студентите ќе можат да ги подигнат од фотокопирницата која се наоѓа во Факултетот.**

Скопје,10.10.2016

Продекан за настава
Проф. д-р Весна Макашевска